MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1022/1
12-02-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од ------------------ преку електронска пошта email: ------------------------- на 10.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-тата седница одржана на 07.02.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот ------------------- преку електронска пошта email: --------------------- на 10.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1313/1 од 11.03.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконско постапување на адвокат ------------, полномошник на подносителот на пријавата во пет судски постапки каде како тужител се јавува подносителот при што во една од постапките му било прифатено само дел од тужбеното барање, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1313/1 од 11.03.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1313/1 од 11.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител ------------ преку електронска пошта email: --------------------------

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско постапување на адвокатот ------------- во својство на правен застапник на подносителот на пријавата во пет судски постапки во кои подносителот бил тужител. Во прилог на пријавата е доставена и Пресуда од Апелациониот суд Скопје, во која се наведува дека жалбата на тужениот/ подносител е одбиена, а Пресудата на Основниот суд Скопје II-Скопје е потврдена со која делумно било усвоено тужбеното барање на тужителот ------------ од ------------ со кое Министерството за правда било задолжено да му плати надомест на нематеријална штета во вкупен износ од 450.000,00 ден за претрпени душевни болки, нарушување на здравјето и нарушен углед. Неговото поголемо тужбено барање за разликата од досудениот износ првостепениот суд го одбил како неосновано. Досудениот износ судот проценил дека претставува реална парична сатисфакција за тужителот и за повредата на неговите нематеријални добра поради неоснованиот притвор. Во пријавата подносителот пријавува дека не е задоволен од адвокатот кој го застапувал во судските постапки вклучително и во постапката во која му бил досуден само дел од неговото тужбено барање.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

По разгледување на наводите содржани во пријавата и доставената документација, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 7 февруари 2020 година по број 12**- 1022/1

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk